Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 - 494/3
Датум:
06-09-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 494/1 од 05.07.2024 година, поднесена од [redacted] со седиште на ул. [redacted] против [redacted], за заштита од дискриминација врз основа родов идентитет, сексуална ориентација и припадност на маргинализирана група кон трансродовите лица, во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми од страна на [redacted] кон родовите малцинства.

## Образложение

На 05.07.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка од страна [redacted] против [redacted] за дејствија кои според подносителот се квалификуваат како повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација врз основа на родов идентитет, сексуална ориентација и припадност кон маргинализирана група во областа на јавно информирање и медиуми, кон трансродовите лица.

Согласно изнесеното во претставката, се работи за коментар од страна на [redacted] објавен од неговиот профил на социјалната мрежа Instragram, на профилот на [redacted], под видеото со наслов „Транс лицата во Македонија во борба за идентитет и прифаќање". Содржината на коментарот е следна: *„Ова е маж, не жена. Кога еден професор на факултет кажал дека луѓето треба да се лекуваат од вакви работи, го обвиниле. Треба лекување да им се даде на вакви лица, т.е. психолог за да се пронајдат вистински. Бог создал маж и жена, нема што да менуваме, какви сме се родиле со таков пол треба да живееме."* Според подносителот на претставката со овој коментар е исполнета дефиницијата за повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација. Во претставката се наведува дека овој коментар бил предмет на рекации во вид на „like", но и поттикнал разни коментари кои се со вознемирувачка содржина. Наведени се следните коментари од останати корисници на социјалната мрежа Instragram:

*„Можеби некој го прави среќен да убива, може друг го прави среќен да силува, ако го прави среќен не значи дека е морално правилно. На крај краева можеш да правиш ти што сакаш, тоа не може да ти ги смени хромозомите.“ и*

*„Со задоволство. Хермафродитите како прво се редок случај и прашањето ви е манипулативно и нема допирна точка со видеото но нејсе. Кај овие случаи доста често се случува хормоните да преовладуваат на една или друга страна, па така едниката да се идентификува како машки или женски пол. Во поголем дел од случаите самиот факт што едните хормони преовладуваат прави личноста да наликува на едниот или другиот пол. Секако доколку личноста одлучи постојат и хормонални третмани а и хируршки зафати...Либерализмот секако сака да ги помати границите помеѓу тоа што некогаш сме го сметале за нормално и обратно, најчесто преку пласирање на медицински и научни недокажани термини и состојби. Затоа и дојдовме до дереџе да имаме 82739192 полови...“*

Во продолжение на претставката се дева осврт кон состојбата на трансродовите лица во Македонија. Имено, трансродовите лица често се соочуваат со разни форми на дискриминација, вклучително и физичко насилство, вербално малтретирање и општествена исклученост. Се соочуваат со потешкотии во пристапот при пристапот до здравствени услуги, вработување, образование и јавни услуги. Понатаму, многу од трансродовите лица се соочуваат со правни и административни бариери при промена на нивните лични документи за да одговараат на нивниот родов идентитет. Тешката секојдневна дискриминација и говорот на омраза врз трансродовите луѓе во Македонија, неспроведување на пресудите на Судот за човекови права во Стразбур, одлагање на Законот за правно признавање на родот, немањето основни права и слободи на овие луѓе во земјата, во претставката се наведуваат како главни причини за системска дискриминација и дехуманизација на заедницата. Во продолжение на претставката се истакнуваат појавите на социјалните мрежи, форуми и коментари на статии кои содржат вербални навреди и омаловажувања на трансродовите лица. Се истакнува дека често забележлива е и навредливата терминологија кон овие лица и нивното именување врз основа на вродениот, а не избраниот родов идентитет. Чести се случаите кога трансродови лица добиваат закани со физичко насилство или закани по живот преку интернет. Ваквите закани се сериозни и создаваат страв и несигурност. Се наведува и појавата група или поединици да шират лажни информации за трансродовите лица, вклучувајќи неточни податоци за нивната здравствена состојба, психолошки профил или ги обвинуваат за криминални дејствија, а како такво се реферира на горенаведениот коментар. Во овој случај, според подносителот се настојува преку коментарот да се прошири тема дека трансродовиот идентитет е болест и трансродовите лица треба да се „лечат“ за нивниот родов идентитет. Подносителот потенцира дека според водечките медицински и психолошки организации, трансродовите лица се здрави индивидуи кои имаат различен родов идентите од оној што им е доделен при раѓање. Во таа насока се реферира на Светската здравствена организација, која во 2019 година ја отрстрани „родова дисфорија“ од


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

меѓународната класификација на болести (ICD-11) и ја рекатегоризира како „родова неусогласеност", потврдувајќи дека трансродовиот идентитет не е ментална болест и на Препораката CM/Rec (2015)5 на Комитетот на министри на Советот на Европа до земјите членки, во врска со мерките за борба против дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Во продолжение се реферира на точка Б. од препораката во однос на борбата против говорот на омраза: „Државите членки е неопходно да преземат мерки за борба против сите видови изразување во медиумите и на интернет за кои може да се добие впечаток дека го предизвикуваат ефектот поттикнување, ширење и промовирање на омраза и други видови на дискриминација против лезбијки, геј, бисексуалци и трансродови лица".

Во однос на горенаведниот коментар, во претставката се елаборира дека трансродовите лица може да побараат медицински треетман за да се усогласат со нивниот физички изглед и родовиот идентитет. Таквите третмани се нарекуваат родова афирмативна нега и вклучуваат:

- Хормонска терпија – терапија со хормони за да се постигнат физички промени кои се во согласност со родовиот идентитет на лицето и
- Хируршки интервенции - различни видови на хируршки интервенции, како што се операциите за промена на градите или генитална хирургија.

Понатаму, се појаснува дека многу од трансродовите лица имаат потреба од психолошка поддршка и советување, за да се справат со дискриминација, стресот и предизвиците со кои се соочуваат. Се истакнува дека психолошката поддршка може да вклучува:

- Советување и терапија – помош за трансродовите лица да ги разберат и прифатат своите чувства и да се справат со предизвиците и
- Групи за поддршка – групи каде што трансродовите лица можат да споделат искуства и да добијат поддршка од други луѓе со слични искуства.

Подносителот на претставката појаснува околу организираните кампањи на омраза против оваа група, кои најчесто се среќаваат на медиумите, и тоа како координирани напади врз трансродови лица или организации што ги поддржуваат. Најчесто во форма на навредливи пораки, масовно пријавување на профили, дистрибуција на дикскриминаторски материјали, мемиња и хумористични содржини кои ги исмејуваат и деградираат трансродовите лица. **Во претставката се истакнува дека навидум овие содржини може да изгледаат невкусно или да поминат незабележано, но дека придонесуваат за нормализирање на дискриминацијата и омразата врз маргинализираната група.** Понатаму, се појаснуваат последиците од сето ова кон трансродовите лица, кои можат да доведат до сериозни психолошки проблеми, анксиозност, депресија, повлекување и избегнување на социјална интеракција.

Врз основа на наведното во претставката се тврди дека конкрениот коментар нема за цел изнесување на став, туку дека во случајот се работи за умислено промовирање или поттикнување на насилство. **Се подвлекува дека трансродовите лица не треба да се „лечат" за нивниот родов идентитет, туку дека треба да им се обезбеди поддршка и медицинска нега, без дискриминација и со почит кон нивниот идентитет.**

На 08.07.20246 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, соласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, испрати Барање за произнесување по претставката со бр. 08 – 494/2 до [redacted]

Имајќи предвид дека до Комисијата беше доставена поштенска повратница со која се потврдува успешна достава до [redacted] на 09.07.2024 година, како и фактот што тој не се произнесе во законски предвидениот рок од 15 дена, Комисијата при одлучување ги зема предвид единствено наводите содржани во претставката.

Од наведеното во претставката Комисијата констатира дека е сторено веројатно тврдењето на подносителот на претставката. Имено, во конкретниот случај посочениот не ја објавил горенаведената содржина на својот профил на социјалната мрежа и тој не ја овозможил платформата за ширење на вознемирувачки содржини поврзани со родовиот идентитет. Сепак, под видеото објавено од Види Вака, тој започнал дискусија, објавувајќи коментар со содржина која поттикнува вознемирувачка дискусија кон трансродовите лица, со што создал родово неинклузивна и трансфобична онлајн средина. Истото може да се увиди од следот на коментарите под оригиналната објава, каде тој како корисник на социјалната мрежа Instagram, видно од коментарот, прв започнува со трансфобични коментари. Како резултат на тоа, од страна на други корисници на социјалната мрежа се надоврзува след од коментари со вознемирувачка содржина. На тој начин посочениот [redacted] сторил поттикнување на дискриминација кон трансродовите лица во областа на јавно информирање и медиуми, врз основа на родов идентитет. **Со опишаното дејствие е исполнета дефиницијата за повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација кон родовите малцинства, во смисла на член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа."*

Имајќи предвид дека во моментот на носење на Мислењето сите коментари под видеото на профилот на [redacted] се отстранети, а воедно опцијата за коментирање е оневозможена, Комисијата согласно член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

# ПРЕПОРАКА

СЕ ПРЕПОРАЧУВА [redacted] во иднина да се воздржи од активности со кои се повикува, поттикнува или се даваат инструкции за дискриминација врз основа на родов идентитет или било која друга дискриминаторска основа, како на социјалните медиуми, така и во било која друга област.

Доколку лицето не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]
-